СКОПЈЕ СЕВЕР

# Скопје Север АД - Скопје

Друштво за снабдување со пареа и топла вода

До:
Министерство за финансии на Р.С.Македонија
ул.Даме Груев бр.12,
1000 Скопје

Лазар Трповски бр.4., 1000 Скопје
Македонија
Тел.центр: 02/ 3097-678
Факс : 02/ 3076 057
e-mail:kontakt@skopje sever.com.mk

Друштво за снабдување со пареа и топла вода
Скопје Север АД
Бр 01-104/1
Скопје, 15.05 2020 год.

**Предмет: Известување**

Врз основа на член 6 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.31 од 10.02.2020 година), во прилог Ви ја доставуваме донесената одлука.

Прилог: Одлука арх.бр.02-41/2 од 26.02.2020 година

Скопје Север АД Скопје

Врз основа на член 6 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.31 од 10.02.2020 година) Управниот одбор на Скопје Север АД Скопје на својата 24-та седница одржана на ден 26.02.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

Член 1

Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје НЕ ЈА ПРИФАЌА примената на одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник бр.31 од 10.02.2020 година).

Член 2

Одредбата од член 1 на оваа одлука се однесува на пресметаните камати и репрограмирање на главниот долг и трошоците кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување (Службен весник на Р.Македонија број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година, како и предметите кои се дадени за извршување за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршителите на комунални и сродни дејности пред извршителите заклучно со 31 декември 2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02-41/2
26.02.2020 год.
Скопје

Претседател на Управен одбор
на Скопје Север АД-Скопје

Моника Тимосиевска, дипл.маш.инж.